## Трета седница на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад при Источнопланскиот регион



Заедно со заменик министерката за животна средина Ане Лашкоска, се разгледуваа неколку важни точки кои се клучни за реализација на проектот "Изградба на регионален центар за управување со отпад", проект важен за целиот регион за решавање на децениски проблем со коj што се соочува источниот и североисточниот регион!







## Контрола на диви водоводни приклучоци

Заедно со преставници на ЈП Плачковица се изврши контрола на диви водоводни приклучоци во село Радање. Констатирани се неколку прекршувања и неколу диви приклучоци кои не минуваат низ броилото. Изречени се парични казни за прекршителите!
Оваа акција ќе продолжи и во нередниот период со засилено темпо во повеќе населени места.





ОПШТИНА КАРБИНЦИ

# МЕСЕЧЕН ИНФОРМАТОР



АВГУСТ, 2024

www.karbinci.gov.mk

# АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ




АКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ ИЗНЕСУВА 85,5 % ОД МОЖНИ 100% ШТО УКАЖУВА ДЕКА Е ЗНАЧИТЕЛНО ПОДОБРЕНА ВО ОДНОС НА ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ!
ОД ЦЕЛОСНО ЗАТВОРЕНА И НЕДОСТАПНА ОПШТИНА ВО ОДНОС НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА ПРЕД ГРАЃАНИТЕ ВО 2016 ГОДИНА, ОВАА ГОДИНА ОПШТИНА КАРБИНЦИ СЕ НАОЃА МЕЃУ ПРВИТЕ СО НАЈДОБРО ПОЕДИНЕЧНО ПОДОБРУВАЊЕ И ЗА ПРВ ПАТ Е ВО ГРУПАТА НА ИСТИТУЦИИ СО МНОГУ ДОБРА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ.

ИНДЕКСОТ НА БУЏЕТСКАТА И ДАНОЧНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ОПШТИНА КАРБИНЦИ БЕЛЕЖИ ТРЕНД НА ПОСТОЈАНО ПОДОБРУВАЊЕ!
СПОРЕДЕНО СО ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ, АНАЛИЗАТА НА ИНДЕКСОТ НА БУЏЕТСКАТА И ДАНОЧНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2023/24 ГОДИНА, ОПШТИНА КАРБИНЦИ Е РАНГИРАНА СО ВИСОК ИНДЕКС НА БУЏЕТСКА И ДАНОЧНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ШТО УКАЖУВА ДЕКА ИМА ЗНАЧИТЕЛНО ПОДОБРУВАЊЕ ВО ДОСТАПНОСТА НА ДОКУМЕНТИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ ДО ЈАВНОСТА ВО ОДНОС НА БУЏЕТСКАТА И ДАНОЧНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ!

ПРОДОЛЖУВАМЕ ОДГОВОРНО И ТРАНСПАРЕНТНО ПРЕД ВАС ГРАЃАНИТЕ!

# ЈАВЕН ПРЕВОЗ

## ДОЛНИ БАЛВАН - ШТИП

НОВА ЛИНИЈА ВО ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ СЕ ВОВЕДУВА ВО ОПШТИНА КАРБИНЦИ. СЕЛО ДОЛНИ БАЛВАН ДОБИВА РЕДОВНА ДНЕВНА ЛИНИЈА ДО ГРАДОТ ШТИП СО 2 ТЕРМИНИ ВО ДЕНОТ.

Л9- Трговски центар - Долни Балван - Радање - Трговски центар

| поаѓање | | | | доаѓање | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | Станици | км | 1 | 2 |
| / | / | Трговски центар | | 07:55 | 13:37 |
| / | / | Дом на култура – ООУ Ванчо Прке | | 07:50 | 13:34 |
| / | / | Автобуска станица | | 07:47 | 13:30 |
| / | / | Градски пазар | | 07:44 | 13:27 |
| / | / | Баби - Партизанска | | 07:39 | 13:22 |
| / | / | Стар Караорман | | 07:34 | 13:17 |
| 07:00 | / | Нов Караорман | | 07:32 | 13:15 |
| 07:03 | / | Долни Балван | | / | 13:12 |
| 07:07 | / | Таринци | | 07:28 | 13:09 |
| 07:09 | 12:50 | Карбинци | | 07:25 | 13:06 |
| 07:16 | 12:57 | Радање | | 07:17 | 12:58 |

Возниот ред важи од понеделник до петок за временски период на школска година.

ОПШТИНА КАРБИНЦИ СО СУБВЕНЦИИ КОН ЈП СТИПИОН ГО ОВОЗМОЖУВА ПРЕВОЗОТ ДОСТАПЕН КОН ГРАЃАНИТЕ.



ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА И РАЗБИРАЊЕ СО ЗЕЛС.

➡ ОВОЈ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СЕ СКЛУЧУВА КАКО ИЗРАЗ НА СОРАБОТКА И ПРЕТСТАВУВА ДЕФИНИЦИЈА НА ФОРМИТЕ И НАЧИНИТЕ НА ИДНАТА СОРАБОТКА, ГИ УТВРДУВА ПРИОРИТЕТИТЕ И ИДНИТЕ ПРОЕКЦИИ НА РАЗВОЈОТ НА СИСТЕМОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКАТА.

➡ ЗАРАДИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА СОРАБОТКАТА, ДВЕТЕ СТРАНИ СЕ СОГЛАСНИ ДА ИЗГОТВУВААТ ГОДИШНА ПРОГРАМА НА ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ КОИ ЌЕ БИДАТ ЦЕЛ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА.

➡ ВЛАДАТА И ЗЕЛС СЕ СОГЛАСНИ ДА ВОСПОСТАВАТ ПРАКСА НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ СЕДНИЦИ НА ВЛАДАТА И УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС НА КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ КОНСУЛТАЦИЈА ЗА ПРОГРЕСОТ, ТЕКОВНИТЕ ПРИОРИТЕТНИ ПРАШАЊА И АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ОПШТИНИТЕ ВО РЕПУБЛИКАТА.

